РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-946/2
26-07-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата(во натамошниот текст ДКСК), на 8-та седница одржана на ден 24.07.2024 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-946/1 од 29.02.2024 година, за сомневања за незаконитости и прекршувања во изборниот процес и во изборната кампања за Претседателски и Парламентарни избори, 2024 година, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што наводите изнесени во пријавата не упатуваат на повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Изборниот Законик односно не се однесуваат на непочитување на забраните утврдени во член 34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и во член 8-а и член 8-б од Изборниот законик.

Предметот со број 12-946/1 од 29.02.2024 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата наДКС во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 29.02.2024 година, поднесена е пријава со наводи за сомневања за незаконитости и прекршувања во изборниот процес и во изборната кампања за Претседателски и Парламентарни избори, 2024 година при што оформен е предмет број 12-946/1 од 29.02.2024 година. Во пријавата ---- ------- --------, подносител на листата Група избирачи за изборна единица 1 за парламентарните избори 2024 година, укажува дека Државната Изборна Комисија постапува незаконито и врз дискриминаторска основа, кршејќи ги Уставот, законите и меѓународното право заради нееднаков пристап кон сите учесници во изборниот процес во постапка за собирање на потписи.

При разгледувањето на пријавата, ДКСК го констатира следново:
- пријавата е доставена поради сомневања за незаконитости и прекршувања во изборниот процес и во изборната кампања за претседателски и парламентарни избори, 2024 година,
- наводите изнесени во пријавата не упатуваат на повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и Изборниот Законик односно не се однесуваат на непочитување на забраните утврдени во член 34 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси и во член 8-а и член 8-б од Изборниот законик.

Наводите се однесуваат на повреда на индивидуалното право на подносителот, за кој е надлежен да постапува друг орган.

Воедно истата пријава е доставена и до други државни органи, меѓу кои и Државната изборна комисија и Комисијата за спречување и заштита од дискриминација како надлежни органи за постапување по однос пријавените наводи.

Врз основа на констатираното, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател,

Татјана Димитровска

Изготвил: П.Б., советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор

Одобрил: С.Д., Член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата